Бранко Сотировски

# ЗЕТА МАКЕДОНИА

## 500.000 г. ПИСМЕНОСТ
## МАКЕДОНСКА ЦИВИЛИЗАЦИЈА
## НА ПЕТ КОНТИНЕНТИ
## ТРАДИЦИЈА ДО ДЕНЕС



**АВ'Ј - АТ'З М <**

**МАКЕДОНИА ЗЕТА ЈАВА**

**Бранко Сотировски**

# З Е Т А   М А К Е Д О Н И Ј А

## 500.000 г. ПИСМЕНОСТ
## МАКЕДОНСКА ЦИВИЛИЗАЦИЈА НА ПЕТ КОНТИНЕНТИ
## ТРАДИЦИЈА ДО ДЕНЕС

ТОМ III



На симболот пупка од десно кон лево пишува: „С'Ј ЛИ“ <, со значење: „ЈАС ИЛ“. Таа е симбол на пролетта, поезијата, љубовта, цвеќињата и убавината, зачеток на живиот свет „ИС“ (новороденче). Симбол на науката, уметноста и македонската вера. Симбол на Зета Македониа, македонската цивилизација и историја на светот. Симбол за континуитетот на македонската култура до денес.



Изгравирани симболи, изработени од човечка рака на слатководна школка, пронајдена на остров Јава во Индонесија. Староста од 500.000 г. определена е од холандските научници.

**Бранко Сотировски**

# З Е Т А   М А К Е Д О Н И Ј А

## 500.000 г. ПИСМЕНОСТ
## МАКЕДОНСКА ЦИВИЛИЗАЦИЈА НА ПЕТ КОНТИНЕНТИ
## ТРАДИЦИЈА ДО ДЕНЕС

ТОМ III

Корица:

 = 

Божји поглед во четирите временски периоди.

 = 

Македонска решетка на времето бесконечно од Зета Македониа – Космичкиот рај и пекол, изворот на животот, лигатура со значење: „На ден XXI–ви март, денот на пролетта Бог Сонце ИЛИ со неговите зраци ИЛ ја пренесува духовната и материјалната енергија од Сонцето кон Планетата Македониа и обратно, „лие“ и ја оплодува, само со духот божји МАКЕДОН, во четирите годишни периоди МАДОНА во вечноста.



**А В‘ Ј - А Т‘ З М <**

МАКЕДОНИА ЗЕТА – ЈАВА

Топонимот Јава е македонски збор, стар 500.000 г. со значење: „Се движи качен на нешто (животно)“. Јава е остров во Индонесија со стотина вулкани, од кои триесет се активни. Од многубројните земјотреси, почвата се движи и тресе. Се има чуство, дека нешто јавате. Јава значи и угнетува, искористува, држи некого во потчинета положба. Јава е најгусто населен остров на светот, со многу сиромашно население.[1]

Напишано, корица и ликовно решение на илустрации
Бранко Сотировски

Дизајн на корицата
Бранко Сотировски

Англиски превод
Зорица Теофилова

Сите права задржани од авторот

Благодарност до соработникот: Марија Прличкова-Џексон

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
930.85(381)
930.2:003.072
930.85(497.7)

СОТИРОВСКИ, Бранко
Зета Македонија : 500.000 г. писменост, македонска цивилизација на пет континенти, традиција до денес / Бранко Сотировски ; [ англиски превод Зорица Теофилова ]. - Скопје : Арс, 30-05-2017 г. - 85, 85 стр. : илустр. ; 30 см

Нас. Стр. На припечатениот текст: Zeta Macedonia : 500,000 years of literacy, macedonian civilization on five continents tradition up to the present / Branko Sotirovski ; [translation from Macedonian to English Zorica Teofilova ]. – Skopje. – Обата текста печатени во спротивна насока. – Текст на македонски и англиски јазик. - Фусноти кон текстот. – Слика и биографија за авторот: стр.84 -Библиографија: стр.83

ISBN. 978-608-65510-9-4

а) Палеографија - Македонија, античка б) Записи на камен - Митолошко толкување в) Македонија - Културна историја
COBISS.MK-ID 101708298

**Бранко Сотировски**

# З Е Т А   М А К Е Д О Н И Ј А

## 500.000 г. ПИСМЕНОСТ
## МАКЕДОНСКА ЦИВИЛИЗАЦИЈА НА ПЕТ КОНТИНЕНТИ
## ТРАДИЦИЈА ДО ДЕНЕС

ТОМ III



Симбол на пролетта, поезијата, љубовта, цвеќињата и убавината, симбол на божјата Маричка, Мадон, Мадонка, Македонка, мајката и Македонија - РАЈОТ **е мотивот** во форма на пупка, отворен цут, оплоден цут, зачеток на плодот и раѓање на рајот, ОВОЈ МОТИВ Е МАКЕДОНИЈА.

## За термините Зета Македониа

Терминот Македониа неслучајно е напишан без словото „Ј“, тоа е поради фактот произлезен од дешифрираните текстови, пронајдени на пет континанти, на кои може да се прочита именката Македониа без словото „Ј“.

Во македонската традиција „ЗЕТ” претставува мажот на невестата. Меѓутоа, поимот „ЗЕТ” влече корени милениуми station наназад.

Според исконската македонска вера, на ден XXII-ри декември умира старото сонце наречено „Тешт“ (најдолгата ноќ). На ден XXV-ти декември пак, се раѓа (реинкарнира, се зголемува) денот. Тоа е сонце наречено Младиот Зет, Младиот или Малиот ДИВ. (Оттука произлегува името на топонимот МалДИВи – младиот Бог).

Исконската вера на македонскиот народ како деца божји, се состои од персонификација на божјото слово. Според него Зетот претставува божји син, наречен Исус. Неговиот новороден син на ден XXII-ри март ќе стане младо момче - ЗЕТ. По татко е наречен Илион а по мајка Македон. Зет Македон е единствен кој го прима словото Татково - божјо. Тој е Господин, Господар, Господ и гостин на Планетата Македониа, смртен бог.

Со применото слово божјо, што претставува вкупното божјо знаење, тој ќе владее над својот народ и над сите приклучени племенски групи.

Поради неговата титула ЗЕТ, тој ќе ја оплоди неговата невеста Македонка, а со тоа симболички ја оплодува и територијата во која владее. Затоа таа се нарекува ЗЕТА МАКЕДОНИА.

# ВОВЕД

Европејците треба да бараат прием од Македонците за влез во организацијата на Белиот Македон. Единствениот услов за прием е промена на сопственото име, во нивното древно име, како Македонци, и првичните имиња на нивните новоформирани региони. Во спротивно, врз основа на АВТОРСКИТЕ права, белите луѓе во Европа, како и останатите, треба да им плаќаат на Македонците користење на цифрите и азбуката (кирилица и латиница), користење на македонскиот музички ритам, користење на сите геометриски симболи, вклучувајќи ги и источно-азиските симболи, користење на ЛАВОТ, еленот и др. животни како македонски симболи на СОНЦЕТО, и користење на македонски верски практики под името христијанство. Во спротивно можат да измислат свои. Европејците да не презентира наивност и сила туку разум. Зошто? Бог Сонце се гледа се слуша, се знае, казната за непочитување на божјото слово, божјата мајка Македониа, и нејзините, и божји синови ќе пристигне, како казна за непризнавањето на вистината. За сето ова може да се прочита во оваа книга.

Ова е обид на авторот да ја открие вистината за белиот човечки род. Да му укаже дека е малцинство на Планетата. Да ги презентира неговите корени, јазикот, науката и културата. Да му објасни за неговата припадност на светото тројство помеѓу мајката Планета Македониа, таткото Сонце Илија и белиот син Македон и да го покаже местото на божјиот Рај Македонија, и појавата на македонската култура како историја на светот, од каде почнало да се шири божјото слово, и реч господова, преку верата и музиката во светот. Македонската култура е прифатена од целиот македонски род и сите други народи, а тоа е нивниот јазик со македонски корени, нивното денешно писмо и цифри, нивниот македонски ритам и инструменти во музиката, и македонска вера православна со прекрстување на истата вера во религија. Чинот на крштевањето или прекрстувањето во христијанската религија е симболичен чин за промена на личното име, име на припадноста на измислен род и име на местото на живеење (град, држава). Со дешифрираните текстови авторот се обидува да му објасни на прекрстениот македонски род, дека крстот во македонската вера е симбол на спасот[1], а во христијанската религија е симбол на смртта каде што го убиваат Исус. Авторот се обидува на македонскиот род белиот Македон, да ја објасни неговата погрешна тенденција, а и денешна пракса за ограбување, на самиот себеси, менувајќи го името на материјалните и културни добра, а остатокот да го уништи. Се наметнува прашањето зошто е тоа така? Одговорот е кус и едноставен: ТОА Е ПОРАДИ ЕВОЛУЦИЈАТА НА СЕГА ВГРАДЕНИОТ ЛОПОВСКИ КОД. Белиот човек СТАВА ЧОРАПА НА ГЛАВА ДА НЕ МУ СЕ ПРЕПОЗНАЕ МАКЕДОНСКИОТ РОД. Тој може се да ограби, а зад себе се да уништи, за жал белата кожа не може. Постои едно големо НО.




Зета Македониа со центарот на светот, Република Македонија.

[1] За крстот може да се прочита во книгата „Зета Македониа 400.000 г. писменост". Стр. 42

Уништувајќи го коренот на своето постоење, помага на другите народи жолти, црни и црвени да го избришат од Планетава, како што може да се уочи во книгата „Зета Македониа 400.000 г. писменост“, што се случило со Македонците во Азија, Африка и Америка. Белиот Македон се претопил во тие народи, оставајќи ја својата култура да живее до денес под друго име.

„Меѓу првите откриени сведоштва, значајни за нашата и за целокупната светска историја, се оние пронајдени во пештерата Црвени Стени (Петралона), близу селото Камени Гумна, во Егејска Македонија, каде што, во 1959 год., е пронајден череп на човек, кој датира најмалку пред 600.000 г., за кој се претпоставува, дека бил на возраст од 25-30 години (сл.4). Друго значајно сведоштво, кое му претходи на пронајдениот череп, претставува амонитот (сл.1), кој е меѓу првите живи организми, пронајдени на Македонскиот Полуостров, со изминат временски период од 160 милиони години, кај Длабока река – Штипско, Р. Македонија. Во месноста Превалец, Велес, Р. Македонија, пронајдени се фосили на коски од животни (сл.2 и 3), кои денес живеат во Африка, како на пример: мамут, тигар, лав, нилски коњ, антилопа, коњ со три прсти на ногата и др. Овие, и многу други, претставуваат материјални остатоци, кои се директни докази и сведоштва, преку кои може да ги разоткриваме прапочетоците и настанокот на животот“. Преземено од книгата „Зета Македониа 400.000 г. писменост“ – дополнително издание на стр.16.



Сл.1 Амонит - 160 милиони год. Длабока река – Штипско, Република Македонија.[2]



Сл.2 Природонаучен музеј Скопје, Р.Македонија[3]



Сл.3 фосилна коска 10 милиони г. место Превалец, Велес, Р.Македонија.[4]



Сл.4 Черепот од Петралона, стар 600.000 г.[5]

[2] Фотографија: амонит, Бранко Сотировски

[3] фосилна коска, Природонаучен музеј Скопје, Македонија, фотографија: Бранко Сотировски

[4] Фосилна коска,10 милиони години, место Превалец, Македонија, фотографија: Бранко Сотировски

[5] Извор: Macedonia:Historuy – monuments – museum; I.Touratsglou, EKDOTIKE ATHENON S.A Athens 1999, стр.277.

# I. ГРАВУРА НА СЛАТКОВОДНА ШКОЛКА СТАРА 500.000 г.

## I. 1 Според досегашните сознанија на научниците:



Сл.5 Слатководна школка островот Јава.



Сл.6 Реката Соло остров Јава.
(Photo: Dubois Collection, Naturalis)

„Најстарата гравура од човечка рака е направена пред 500.000 г. на лушпа од слатководна школка, пронајдена покрај реката Соло Јава, Индонесија. Меѓународен тим на истражувачи, предводени од Факултетот за археологија при Универзитетот „Лајден“ во Холандија, (Faculty of Archaeology at Leiden University, Netherlands), археологот José Joordens, го објави ова откритие на 3 декември 2014 г. во весникот „Nature“. Откритието дава нов увид во еволуцијата на човечкото однесување“[6].

„Фантастично! Можам да замислам како луѓето, посетителите на музејот, се прашуваат, дали се овие првите форми во почетокот на уметноста“, вели Will Roebroeks, професор по палео-археологија на Универзитетот „Лајден“. Тој бил во можност да го финансира ова долгорочно истражување. "Во моментов немаме поим за значењето и целта на оваа гравура."



Сл.7 Универзитет од Лајден Холандија.
(Faculty of Archaeology at Leiden University, Netherlands)

[6] Преземено: 10-03-2015 г.
http://www.news.leiden.edu/news-2014/oldest-engraving-ever-found-on-500-year-old-shell.html

Исправен човек (Хомо еректус) се смета дека ги наследил особините од Австралопитек и дека е предок на Хомо сапиенс, ја населувал Африка пред 1.500.000 г. Сл.8

„Човекот од Јава“, Индонесија, со претпоставка за неговата старост од 1.500.000 г., откриен од страна на холандскиот геолог Eugène Dubois во 1890 г., е еден од првите фосили од Хомо еректус во тоа време.[7] (сл.9)

Научната јавност претпоставува дека Хомо еректус-синантропус се појавил во Азија од пред 700.000 г. па сè до 200.000 г. наречен „Пекиншки човек“. Овој човек се доведува во врска со „Човекот од Јава“. (Сл.10)

Австралопитек е најстариот вид на човек сл.11, живеел во источна и јужна Африка.




Сл.8 „Африкански човек“, 1.500.000 г.
Австралопитек



Сл.9 „Човек од Јава“, 1.500.000 г.



Сл.10 „Пекиншки човек“, 700.000-200.000 г.



Сл.11 Australopithecus од пред 4 до 1,2 мил г.

[7] Напишано од: Уредниците на Енциклопедија Британика. Photos.com/Thinkstock https://www.britannica.com/topic/Java-man Предземено: 23-05-2017 г.

Најстариот примерок на Хомо сапиенс е пронајден во Република Македонија, Црвени стени (Петралона) со сомнителна старост од минимум 600.000 г. (сл.12)



Сл.12 Од родот на хомениди.
Македон, Црвени стени (Петралона), Република Македонија, 600.000 г.




Сл.13 Локалитет Црвени Стени, (Петралона), Република Македониа.

Се смета дека „Белиот Македон“ е поразвиен од видот на човек, пронајден во Црвени стени (Петралона).



Сл.14 Скелетната збирка, формирана од наоди откриени од Музејот на Република Македонија, под раководство на д-р Фаница Вељановска, физички антрополог. Реконструкција со цртеж од Марија Сотировска-Богдановска и Тино Сотировски, моделирал Сречко Јовановски.

Може да се сретнат фосили од повеќе видови луѓе на едно место на одредени локалитети во светот. Таков е случајот и на островот Јава (сл.6). Пронајден е дел од череп со старост од 1.500.000 до 500.000 г. (сл.9). Се смета дека овој вид на човек е попримитивен за разлика од „Пекиншкиот човек“ (сл.10).

На тој локалитет е најден фосил на слатководна школка со старост од 500.000 г. На школката е изгравиран натпис, што докажува за присуство на поумен човек од примерокот на сл.9, тоа е човекот „Белиот Македон“, кој според неговата интелигенција за користење на писмо, а со тоа и јазик, кој според содржината на текстот, имал и своја наука и вера, сето ова не кореспондира со фосилот на сл.9. Се наметнува заклучокот дека „Човекот од Јава“ не е толку умен да изгравира вакви симболи. Вакви симболи се среќаваат на пет континенти во голем временски период, и тоа во континуитет до денес во Македонија, обработени во книгата „Зета Македониа“, знаејќи дека „Човекот од Јава“ изумрел пред 200.000 г.

Исти или слични гравури, што претставуваат лигатури, пронајдени се на пет континенти. Артефактите се презентирани според староста, датирани од научниците од целиот свет. Сметаме дека вакви исти и слични артефакти многу постари, со исто

македонско писмо, јазик и вера, која ја презентираат, допрва мајката Планета Македониа[8] ќе ги открива на светлоста од вистината пристигнато од сонцето. На сликата подолу се гледа како се ширела македонската култура низ светот низ Големата Зета Македониа.




Сл.15 Големата Зета Македониа

Големата Зета Македониа, според најновите сознанија од пред 500.000 г. пред појавата на христијанството се простирала на пет континенти, сите топоними, хидроними, ороними и др. се МАКЕДОНСКИ. Македонија е центар и историја на светот.

Според доказниот материјал, објавен во книгата Зета Македониа, најстариот македонски град е БРНО-С'Брно. Л'НД'Н или Лондон е македонска метропола. Именката Лондон е со значење ЛОН = долго и ниско, ДОН = со значење донатор, божество господар, река. Покрај другото, ДОН е дел од македонското име МакеДОН-МАКЕДОНИЈА. Градот-држава Рим е македонска метропола во која владееле само македонски цареви како одродници. Москва е формирана од Македонци од МОСКОПОЛЕ. Цариград е метропола од Новото Македонско Царство. Мадрид е македонски град на Мајката Македонија. Р. Македонија е центар на Македонскиот Полуостров (Балканот). Македонскиот Полуостров е центар на Зета Македониа (денес наречена Европа). Едена од македонските метрополи е градот БЕРЛИН. Бер е син на богот Македон, според македонската митологија, денес од западот по грешка наречена е грчка.

[8] Подетално објаснување на стр. 7 (Терминот Македониа неслучајно е напишан без словото „Ј“, поради фактите произлезени од дешифрираните текстови, кои се пронајдени на пет континенти).

## I.2 МАКЕДОНИЗАМ
## ретроспектива низ времето

**Реката Соло Јава, Индонесија.**

Најстарата гравура од човечка рака е направена пред 500.000 г. на лушпа од слатководна школка.[9]



Сл.16 Раководител на тимот на локалитетот на островот Јава, José Joordens од универзитетот Лајден во Холандија. Презентација на слатководна школка стара 500.000 г. (Фото: Henk Caspers, Naturalis)



Сл.17 Цртеж Бранко Сотировски според фотографијата на Wim Lustenhouwer/VU University Amsterdam.

---

[9] http://www.news.leiden.edu/news-2014/oldest-engraving-ever-found-on-500-year-old-shell.html Пристапено на 10-03-2015 г.




Сл.18 Дешифриран гравир на слатководна школка. Остров Јава, Индонесиа 500.000 г.
Се чита од десно кон лево.

На гравир лигатурата, од десно кон лево, пишува: „АТ'З Л'С, СЛИ ИS НОДАМ“ <

Транскрибирано на современ македонски јазик:

„МАДОН, МАДОНИЈА, МАКЕДОНИА ВИДЕНА Е ОД СВЕТЛОСНИОТ ЗРАК САМО ОД ЗЕТОТ“ - младото сонце од XXV-ти декември и XXII-ри март.

**Билзингслебен (Bilzingsleben), Зета Мадонија – Македониа, Лужице (денешна Германија) пред 400.000 години, македонска ера до денес.**

Обработено во книгата „Зета Македониа 400.000 г. писменост“ на стр.183.




Сл.19 Фосилна коска со пишан текст од две страни,
со македонски слова од „азбуката на цутот“, 400.000 г.[10]

[10] http://www-personal.umich.edu/~feliks/bilzingsleben-series-prt2-early-language/index.html

| | Дешифриран текст: | Транскрибиран на современ македонски јазик: |
|---|---|---|
| 1. | Ј‘Ѕ И ИС ИМ‘С 4+4 И | - ГЛЕДАЈ И СО НЕА ИМАШ 4+4 И |
| 2. | Ѕ‘Ј ЅИ УЈИ. | - ГЛЕДАЈ!! ГЛЕДАМ МЕСЕЦИ. |
| 3. | С‘М ИМ‘ЈС‘Ј, | - САМО ИМАЈ, СИЈАЈ. |
| 4. | С‘ЈЈ‘СИ СИЈ. | - СЕГА ЈАСНО СИЈАЈ. |
| 5. | С‘Ј УЈИ УС‘Ј. | - СЕГА ЈАС ВО МЕСЕЦОТ ВО УСНИТЕ. |
| 6. | УЈ‘М | - СО УЕМ. |

**Лигатура од Зета Македониа Востаниа, Југоисточна Азија (Patne – Индија), 130.000 – 40.000 г.мак.е.пред.п.христ.**



Сл.20 Камена плоча со гравура во вид на лигатура од Зета Македониа Востаниа, Југоисточна Азија (Patne – Индија), 130.000 – 40.000 г.мак.е.пред.п.христ.




Зета Македониа

На лигатурата со букви ЦУТНИ (кирилица и латиница), каде дословно пишува на македонски јазик:

„ЗЕТА МАКЕДОНИА ОД ОТЕЦОТ ТВОЈ ТЕШТ. ИЛИ И ВО ОД ВОСТАНИ. СО ИЉО ТЕШТ“.

Обработено и преземено во книгата „Зета Македониа“ стр. 258.

**Крапина, Македонски Полуостров, Хрватска пред 130.000 г.мак.е.п.п.христ.**[11]



Сл.21 Дешифриран текст. Преземено од книгата „Зета Македониа“ стр. 142.




Сл.22 Коска од човечки череп. Дешифриран текст.

Дешифрираниот текст читан од десно кон лево гласи:

„С ИЛ ИИС III и III SJ ЛИ ИЛ’Г Н’Ј ЈУ ТЈ’Н[12]. УЈ’МИЈЗИ ИЅ ИС’ЛИ И’М“ <

Транскрибиран на современ македонски јазик:

„МОИТЕ ЗРАЦИ - ПОГЛЕДИ И ИЗЗИМАЈ ЈА ЖЕЛБАТА, НИЈАТ ЕДЕН (намера една), ГА-ЛИ ИЛ, ЈАС СО ПОГЛЕД III и III СИЈАЛ ЛИЕЛ СО.

---

[11] PERIODICUM BIOLOGORUM UDC 57:61 VOL. 108, No 4, 519–524, 2006 CODEN PDBIAD ISSN 0031-5362 Original scientific paper стр. 521

[12] Н’Ј’Т = нијет, дијалектен збор од Кавдаречкиот регион со значење – желба.

**Зета Македониа Божјиот Лом, Río Klasies - Јужна Африка од пред 100.000 г.м.е.п.п.х.**[13]




Сл.23

На плочката пишува: „ИЛИ Ј ИЅЛ И СООС ЛИ“, што транскрибирано на современ македонски јазик би значело:

„ИЛИ ЈАС, ОДАМ, ГЛЕДАМ, ЛИЈАМ – ОПЛОДУВАМ“**.**

Обработено во книгата „Зета Македониа“ стр. 375

**Зета Македониа Прекуокеански Јужен ЦУТ, Наска линии (денешен Перу), 100.000 – 70.000 г.мак.ера.п.п.христ.**




Сл.24 Геоглифот бр. 3 со испишан текст: „ИЛИ ЛИ, ОД ДО“.

„На геоглифот, како централна фигура на пирамидата на сонцето, испишан е текстот: „ИЛИ ЛИ, ОД ДО“, што значи: „ИЛИ пролевај сончеви зраци од XXI-ви до XXI-ви, преку четирите годишни периоди“. Сонцето ИЛИ испушта една централна линија која се движи до врвот на пирамидата. Таа линија е столб на самата пирамида кон која се придружува линијата на божјата молња ‘SE’.“

Обработено во книгата „Зета Македониа“ стр. 308.

[13] http://www.sott.net/article/241996-Stone-Age-Pebble-Holds-Mysterious-Meaning пристапено на 26.05.2015.

**Зета Мадонија - Македониа, Мегалит од Холич – Словачка пред 32.000 – 8.000 г. г.мак.е.пред.п.христ.** Преземено од книгата „Зета Македониа ст. 187.[14]




Сл.25 Холич Словачка 32.000 г. Зет Ајон

Транскрибиран на современ македонски јазик:

И ГОЛТА ДЕНОТ ЛУНАРУ. СЕ ОГЛАСИЛ [3.]ИЛ. [4.]ТОЈ ДАЛ ДА ЛИЕ НА НАС.[4/А.] ИТА ИЛ, БРЗА ЦРВЕН ГЛЕДАМ. ТЕШТОТ НАШ [6.]СО ЗЕТОТ ТОШЕ НАШ, [7.]ВО РОД СО ТОЈ БРЗИОТ ЗЕТ АЈОН.

**Зета Македониа Прекуокеански Северен ЦУТ, Maine SAD 4.000 – 3.000 г.мак.ера.п.п.христ.[15]**




Сл.26 Бог Сонце Или и божјиот ИРИС – ПЕРУН.

На гравурата пишува:

„И НАША И ИЛИ МАКЕДОНИА ОД 21-ВИ МАРТ СО ИРИС“.

Преземено од книгата „Зета Македониа“ стр. 497

[14] Irša, Rudolf, Kamene pradávneho času, 2004, ISBN:80-967164-3-

[15] The Maine Archaeological Society Bulletin, Vol. 44 (1) Spring 2004 страна 17 http://mainearchsociety.org/wpcontent/uploads/2009/05/MAS44_1.pdf

**Бронзен печат од локалитетот Церје, близу селото Говрелево – Скопско, Република Македониа, 1.500 г.мак.е.пред.п.христ.**




Сл.27 Воен печат со натпис, село Говрлево, Република Македонија.

На бронзениот печат пишува:

„ЅИРНАЛ К'СИ (КУСИОТ) ОД ПОСАДАТА И ЅИРНАЛ Л'СИ (ЛСКА) ОД ПОСАДАТА.“[16]

Преземено од книгата „Зета Македониа“ стр. 126.

**Македонски вез.**

Пораката „М“, што претставува скратеница од Македон, Мадон и Македониа е со изминат временски период од најмалку 500.000 г. Се среќава на пет континенти, со непрекинат континуитет до денес, кој се проникнува низ македонскиот килим и вез, како и македонскиот фрескоживопис.




Сл.28 АИФ слајдови 828 Лигатура „Мак'дон“, Кривопаланечко, Република Македонија.

[16] Бронзен печат од локалитетот Церје - Обработка и транскрипција Васил Иљов http://www.makedonijaese.com/storia1.htm







Сл. 29/б





Сл. 29/а Македонска носија со исткаена фута, со скратеница „З“ „М“ - Зета Македониа Република Македонија

Сл. 30 Аиф слајдови 828 со натпис „МАК’ДОН“,Лигатура „Мадон“, Кривопаланечко, Република Македонија.

## I.3 МАРИЈА, МАДОНА, МАКЕДОНИА, ГЕНА – ЖЕНА.

Планетата Македониа[17] изобилува со безброј видови на живи организми. Научниците мака мачат со претпоставки, базирани од изолирани пронајдоци, за настанокот на светот и еволуциониот пат на човекот. Претпоставка е дека еден вид произлегол од друг. Такво мислење е дека човекот настанал од мајмун. Според историскиот период на човекот од пред минимум 400.000 г. во континуитет до денес, обработен во книгата „Зета Македониа 400.000 г. писменост“, преку материјални докази, симболи, писмо и јазик, како код за дешифрирање на тој културен развој, доаѓаме до следниот заклучок:

Симболите, вклучувајќи ги и источно-азиските симболи, создадени се од луѓе или народ, кој поседувал високи интелектуални способности. Тоа бил народ со развиен ум, јазик и наука. Јазикот и симболите се одраз на неговото спознание за светот, и претпоставка што се случува со човечкиот дух после смртта. Настанокот на светот не го објаснуваат со еволуционите претпоставки. Тие научното сознание за настанокот на светот

[17] Подетално објаснување на стр. 7 (Терминот Македониа неслучајно е напишан без словото „Ј“, поради фактите произлезени од дешифрираните текстови, кои се пронајдени на пет континенти).

го објаснуваат со верување во една над природна сила, на мајката ГЕНА или жена и единствениот Татко Сонце, кој ги оплодува сите ГЕНИ-ЖЕНИ, со поглед или молња. Мајката Гена родилка е на безброј гени, оплодена во пролетта, раѓа живи организми со одреден ген, кои не можат да се мешаат со други гени од друга врста или ген од друга група. Тоа е во согласност и одраз е од космичките закони, составени од Планетата Мајка Гена - жена, таткото Сонце ИЛИ-Илија и нивниот син по татко наречен Илион, а по мајка нарчен Македон. Помеѓу трилион живи организми на Планетава и тоа растенијата, животните и микробиолошкиот живот, нивните гени не е можно меѓусебно да се измешаат. Исто така не е можно да се измешаат гените на подгрупите од овие основни три.

Според дешифрираните текстови во книгата „Зета Македониа 400.000 г. писменост“ може да се дојде до следниот заклучок, дека не станува збор за некаква еволуција на човечкиот род што произлегол од родот на мајмуните, или птицата произлегла од крокодилот. Според сознанијата во книгата, се доаѓа до заклучок дека вкупната жива природа постоела отсекогаш, онаква каква ја познаваме денес, а денес може да констатираме дека некој подгрупи од живите организми како растенијата и животните изумираат, но не се појавуваат нови.

Според ова сето кажано, според македонските симболи, македонската наука, јазик и култура, можеме со сигурност да констатираме дека белиот човек наречен Македон, е создаден одеднаш на пет континенти, уште од времето на диносаурусите, со своите физички и умствени способности, во соодност со природата, која што е направена единствено за негова потреба. Според овие констатации, доаѓаме до заклучок дека и целата вселена е создадена само за Белиот Македон, со претпоставка дека тој е создаден одеднаш и на другите планети во космосот.




Неолитска населба „Тумба Маџари“[18], Република Македонија. Влезната врата од неолитската куќа, изработена е во форма на словото „М“ или лигатура на која пишува МАКЕДОНИА.

[18] Преземено: https://travelmacedonia.info/traveller-information/travel-guide-to-skopje

## I.4 НАЈСТАРИОТ НАТПИС НАПРАВЕН ПРЕД 500.000 Г.

**на неси-(осров) Јава Зета Македониа Несија. (денешна Индонесија)**



**А В' Ј - А Т' З М <**

**МАКЕДОНИА ЗЕТА – ЈАВА**

Сл.31

Европските археолози откриле македонски натпис на слатководна школка стара 500.000 г. Наш заклучок е дека натписот го испишале Македонците наречени Винди или Инди. Тоа се луѓе налик на денешните Македонци, кои живееле покрај реката Соло, организирани во државата Зета Македониа Несија.

Археологот Франсиско Енрико изјавил: „Тоа е најстариот графички израз, кој го направил човекот со својата рака“. „Не знаеме зошто човекот тоа го нацртал. Можеби тоа е знак за сопственост, некоја шифра, или подарок“, изјавила научникот Žozefina Jordens од Универзитетот Лајден во Холандија. Според неа, цртежот е израз на когнитивни способности, всушност, тоа се модерни спознаени способности.




Сл. 32 Зета Македониа Несија



Сл. 33 Фото: Wim Lustenhouwer/VU University Amsterdam

Македонскиот топоним ИНДОНЕСИА – Виндо-неси-а, според Ташко Белчев, со значење ИНДО или ВИНДО, доаѓа од името на Македонскиот народ Винди, и НЕСИ (со значење: ја разнесува водата, а целата Индонесија има 17.508 острови), на древен македонски јазик значи ОСТРОВ. Во Зета Македониа Европа е познат градот полуостров Ниса (Ница), кој се наоѓа во денешна Франциа, ПелопоНЕС на југот од Македонија и други.

Топонимот Јава е македонски збор, стар 500.000 г. со значење: Се движи качен на нешто (животно). Јава е остров со стотина вулкани, од кои триесет се активни. Од многубројните земјотреси, почвата се движи и тресе. Се добива чувство дека човекот нешто „јава“. Јава значи и угнетува, искористува, држи некого во потчинета положба. Јава е најгусто населен остров на светот, со многу сиромашно население.

Територијата Индонесиа, според повеќето дешифрирани македонски текстови од таа територија, е наречена Зета Македониа Несија, таа е населена со македонско население во рамките на Големата Зета Македониа, засега со познат временски период од 500.000 г., и тоа во Азија - Зета Македониа Востаниа и Австралија - Зета Македониа Лом на Дон.

Македонската наука и уметност, која е со посебни стилски одлики, како и културата и верата, оставила големи траги на помалите народи од тој регион. Македонскиот народ е асимилиран со векови во народ, кој е наследник на македонската култура и до ден-денес присутна на таа територија.

Истражувањата покажуваат дека Индонесиа била населена со луѓе од пред 35.000 – 30.000 г.мак.е.п.п.х., а цртежите во пештерите, е утврдено дека се стари од 6.000 до 2.000 г.мак.е.п.п.хр.

Според најновите истражувања, македонскиот народ бил присутен на таа територија, со засега познат период минимум од пред 500.000 г.

„Цртежите проследени со текст од овој локалитет сè со јасно испишана порака за животот, годишните периоди, раѓањето и возобновувањето на природата во пролетниот период, опевањето на плодноста на Македониа (божјата Ма во пролетта Дон), поимот Македониа како израз и метафора за спас, утот како верување за одземање на душата, напуштањето на душата и повторното раѓање, летото и зимата како раѓање и смрт“ - Цитат од книгата „Зета Македониа“ стр. 280.

Македонците најмалку од пред 500.000 г. низ целиот свет живееле покрај реките, нарекувајќи ги ДОН. Рамнините покрај реките, како низина, била најплодната почва за разлика од планинската. Македонците ја обработувале, садејќи култивирани растенија за исхрана и трговија. Одгледувале домашни животни во фармерски услови. Територијата покрај реката ја нарекувале ДОНИЈА.

Македонците го говореле истиот денешен јазик низ целиот свет. Ја откриле науката и писмото, биле апсолутни владетели низ Планетата Македониа[19]. За нив работеле необразованите групи на луѓе од македонскиот род и луѓе од друг вид (по боја црни, жолти и црвени). За полесна комуникација со своите поданици, Македонците ја создале првата вера. Вера во Големата Мајка на воскресението, а тоа е секојдневното изгревање на утринското сонце заедно со духот божји Македон, кој по смртта на Македонецот, пристигнува на Планетата Македониа преку месечината и ситната утринска роса.

[19] Подетално објаснување на стр. 7 (Терминот Македониа неслучајно е напишан без словото „Ј“, поради фактите произлезени од дешифрираните текстови, кои се пронајдени на пет континенти).

Воскреснувањето на целата жива природа се именувана како ИС-ИСУС во пролетта - ДОН. Тоа е Мајката Мадона покрај реките, родилка и заштитничка. Според мајката МА и реките Дон, територијата покрај реките е наречена МАДОН- МАДОНИЈА.

Децата на мајката Мадонија со духот божји Македон се МАКЕДОНЦИТЕ. Единственото божество на Македонците било СОНЦЕТО, персонифицирано со лав, со неговите оплодувачки божји карактеристики. Старото сонце или најдолгата ноќ на XXII-ри декември наречен е ТЕШТ ИЛИ - ИЛИЈА. Веќе од XXV-ти декември, тештот умира, како најдолга ноќ. Тоа е денот на лом кога се зголемува денот, што значи реинкарнација на младото сонце наречено ЗЕТ, малиот Див. (Од малиот Див произлегува топонимот МалДИВи).

Зетот на XXII-ри март ќе ја оплоди мајката Мадонија, само на тој начин ќе биде обезбедена исхраната и опстанокот на родот Македон со неговите поданици.

Македонците науката и писменоста ќе ја примат од својот татко Бог ИЛИЈА и тоа, качени на врвовите на планините, со првиот сончев зрак, како права и најкуса линија за слава на својот род Лаврод. Таа комуникација со својот татко наречена е ПРАВОСЛАВИЕ.

Од ова сознание македонската вера е вера на Големата Мајка Мадона, татко Сонце Илија и синот Македон. Реинкарнација на природата ИС-ИСУС и Зетот Сонце и Зетот Македон. Тоа е верата на вистината.

Овие македонски вредности подарени на човештвото може да се согледаат на безброј артефакти ширум светот, обработени во книгата „Зета Македониа 400.000 г. писменост“. Тоа се артефакти со изгравирани писмени симболи во вид на сончеви зраци. Еве неколку издвоени примери:

**НАБЉУДУВАЧНИЦА КОКИНО, Република МАКЕДОНИЈА, ОПСТОЈУВА ОД ПРЕД 500.000 – 1.917 г.мак.е.пред.п.христ.**




Сл.34 Опсерваторија Кокино, Република Македонија. Камен налик на столица/престол со димензии 55x60x45 см.

„Покрај престолите на Господарите - Владетели Македонци, во Кокино има и помали столчиња за божјите Кокинки, тоа биле божји Мадонки, кои ќе бидат оплодени од сончевите зраци (зраците на господовиот поглед на Зетот). На едно од столчињата е пронајден натпис кој гласи[20]:

Транскрибирано на современ македонски јазик, на столот, од десно кон лево, пишува: „СИНОТ ГОСПОДОВ Е СО МЕНЕ".

И од лево кон десно**:**

„СО МЕНЕ СО ДУХОТ БОЖЈИ МАКЕДОН ЗАЕДНО СО ИЛ И СИНОТ, ГОСПОДАРОТ – ГОСПОД МАКЕДОНЕЦ Е ВО ТЕБЕ".

Обработено во книгата „Зета Македониа" стр. 82.



Сл.35 Најстарите престоли од камен на Планетата Македониа[21], за крунисање на зетот со круна од дабови лисја,
опсерваторија Кокино, Република Македонија.

[20] Фотографија: Бранко Сотировски
[21] Подетално објаснување на стр. 7 (Терминот Македониа неслучајно е напишан без словото „Ј", поради фактите произлезени од дешифрираните текстови, кои се пронајдени на пет континенти).

**Зета Македониа Божјиот Лом, Бломбос, Јужна Африка, 75.000 г. мак.ера.пред.п.христ.**[22]



Сл.36 Сличности на македонска носија со линиите на плочката од пештерата Бломбос, кои формираат исти ромбични мотиви.




Сл.37 Дешифриран текст од плочката од пештерата Бломбос.

Оваа глинена плочка е едно од безбројните сведоштва за високото ниво на научниот пристап, во науката и верата на македонскиот народ низ големата Зета Македониа.

На глинената плочка, читано од десно кон лево и од лево кон десно пишува:

.„АШР'К АНУЛ У И <, > Л'ПНА УТ ИТИ ИЛИ, IXX, XX, XX Л'ТИ“ <

Транскрибирано на современ македонски јазик е:

„**И ВО МЕСЕЦОТ НА ПРЕКРШУВАЊЕ НА ДЕНОТ**, УТОТ СО БРЗАЊЕ ЈА ЛАПНАЛ ЗИМАТА, СЕГА ИЛИ БРЗА ОД ДЕНОТ XX-ти, XX-ти, XXI-ви.“

Преземено од книгата „Зета Македониа“ стр. 374.

[22] http://www.selfproject.it/ilbordodellanuvola/Doc/html/lezioni/1/15.html, пристапено на 26.05.2015.

Еден од најновите откритија, фосил на слатководна школка, пронајдена во Индонесиа го отсликува гореизложеното. Ако во книгата „Зета Македониа 400.000 г писменост“, најстариот артефакт со македонски натпис изнесува 400.000 г. и артефактот од 130.000 г., каде што пишува Македонија, сега древното македонско писмо, наречено ЦУТНО, и името „Зета Македониа“, потекнува од пред 500.000 г. и тоа според датирањата на западните научници.




Сл. 38 Микроскопски приказ на нарочно изгравирани линии, фотографијата и анализата се направени од Универзитет во Лајден, Холандија, кои според наша анализа претставува писмо.

Имено на фосилизирана слатководна школка е изгравиран натпис, тој натпис е со македонските букви ЦУТНИ (кирилица) во облик на сончевите зраци. На школката од десно на лево дешифриран е следниот текст: „ATS ЛС СЛИ ИS НОДАМ“ <

Транскрибирано на современ македонски јазик пишува:

МАДОН Е ВИДЕНА СО СВЕТЛОСНИТЕ ЗРАЦИ „Л’СИ“ САМО СО ЗЕТОТ (МЛАДОТО СОНЦЕ ВО ПРОЛЕТТА ВО ЗЕТА МАДОНИА-МАКЕДОНИА).

На школката очигледен е гравир во форма на букви, лесно се препознава словото „М“ како скратеница од зборот Македониа. Малиот простор за пишување условил Македонците да се изразуваат со скратеници и лигатури, исто како и денес.
Во овој дешифриран текст покрај македонските букви цутни (кирилица и латиница), го препознаваме македонскиот јазик, македонското име Зета Мадониа-Македониа, единствениот татко Сонце Илија, македонската монотеистичка вера и сето ова во континуитет до денес, како македонска цивилизација или МАКЕДОНИЗАМ. Оваа македонска култура присутна е во сите народи и новоформирани, прекрстени заедници од македонскиот род, во светот. Основа на сите светски јазици е македонскиот јазик, целата светска наука е македонската наука, основа на сите светски религии е македонската вера и основа на сите светски писма е македонското писмо на цутот (кирилица и латиница) и цифри пролетни (наречени римски).

За жал таканаречената западноевропска наука официјално не го прифаќа ова сознание, а неофицијално поединци го знаат, со единствена цел за да го избрише своето македонско потекло како народ и да се прекрсти со измислени имиња, издвојувајќи се како посебен род без корен. Оваа борба на прекрстување на сопственото Македонско потекло трае две илјади години со појавата на христијанството.

Првото прекрстување е извршено врз Македонецот ИС во ИСУС. На крајот прекрстениот Исус ќе заврши со убиство на крстот од страна на веќе прекрстените Македонци во Римјани. Чинот на прекрстувањеo е со вода. Тоа претставува симболика, измивање на името Македонец во било кое друго. Заклучокот е едноставен, прекрстениот Македонски народ во Европа ќе се самоуништи на сопствениот крст, поради Македонија и македонското име. Подоле е констатирано: „КОЈ СЕ КРСТИ СО РАКА УКАЖУВА ПРЕД ЛУЃЕТО И БОГА ДЕКА Е МАКЕДОНЕЦ“.[23]

Спасот на Зета Македониа Европа, а и спасот на целиот свет, е во чинот на покајание и поклонение со крстење со рака, пред Македонскиот народ и Република Македонија, како единствена божја територија на БОГОРОДИЦА, Марија, Мадона, спасителка и заштитничка на родот Македон, како и другиот човечки род и вкупната жива природа. Планетата Македониа[24], со центарот Зета Македониа Рајот БИЛА Е И ЌЕ БИДЕ МАКЕДОНСКА, на Македонскиот народ кој живее во Република Македонија и во околните земји, автохтоно во континуитет минимум 500.0000 г.

[23] Извадок од колумната „КРСТ – МАКЕДОНСКИСИМБОЛ, објавена на сајтот zetamacedonia.com на 27.10.2017

[24] Подетално објаснување на стр. 7 (Терминот Македониа неслучајно е напишан без словото „Ј“, поради фактите произлезени од дешифрираните текстови, кои се пронајдени на пет континенти).

# II. МАКЕДОНЦИТЕ СЕ ПРВИОТ НАРОД СОЗДАДЕН ОДЕДНАШ НА ПЕТ КОНТИНЕНТИ.

## II. 1 ДА ЖИВЕЕМЕ ЗАЕДНО КАКО ПРОЛЕТТА

Објавено на сајтот Зета Македониа 10.10.2016

Вистината е една. Од оваа вистина сè започнува. Оваа вистина е вера во единствениот Бог Сонце ИЛИ, Мајката Мадон - Господарка и синот по татко Илион по мајка Македон - Господар Господ на Планетата Македониа[25].

Вистината е една, а таа е светото или светлото тројство содржано од Бог, Мадон и Македон.

„Нашето ПОСТОЕЊЕ во овој свет не е производ на некаква слепа случајна еволуциона сила, туку на љубовен животодавен ПОЧЕТОК.“ (Отец Ивица Тодоров)

Тој почеток Македонците од искона го чествуваат на ден XXII-ри декември, денот на ЛОМ, денот на светлината, прекршување на денот (времетраењето на ноќта се намалува, денот се зголемува), и XXII-ри март, (рамниот ден со ноќта), денот на пролетта. Тој почеток го нарекуваат „Божја Мајка“ или Мајка на Богот. Мајката божја никогаш не е родена и никогаш нема да умре. Составена е од светло и темно, (светлината е темна, темнината е светла). Мајката го раѓа Божјиот поглед, кој се вселува во усните на мајката Елена, која ја раѓа вселена и тоа со сите сонца во неа, како едно божество, а околу секое сонце раѓа по една Планета Мадон - Господарка.

Сонцето наречено ИЛИ е нашиот татко, кој во себе го содржи СЛОВОТО. Словото е дух божји Македон, кој се наоѓа во вкупната нежива и жива материја во универзумот. Нашиот Бог Сонце ништо не создава. Тој како татко ја оплодува Планетата Мадон - Господарка, која ја раѓа вкупната жива природа наречена ИС-ИСУС со синот божји Македон во неа.

Синот божји новороденото бебе ИС, на ден XXII-ри март е младо момче наречено ЗЕТ. Зет Македон е единствен кој го прима словото Татково - божјо, од врвовите на планините под права најкуса линија, за слава на својот Татко ИЛИ, мајката Мадон и синовите божји Македонците. Тоа предземање на словото од својот татко наречено е ПРАВОСЛАВИЕ. Оттука е почетокот на нашето постоење, денот кога Зетот го прима словото или УМОТ божји.

Тоа е суштината на постоење на народот Македонски, а тоа е сооднос помеѓу таткото, мајката и синот. Тој сооднос е ЖИВОТ, ЉУБОВ и ЖРТВА. Бог е болка за живот, љубов и жртва.

Внатрешната содржина на нашето постоење се овѝие три светости, што претставуваат слово божјо. Ние треба да ги сочуваме од сопствените одродени браќа, групирани во посебни племенски заедници, кои се најголеми противници на својот Татко Сонце ИЛИ, Мајката Мадон – Господарка и народот Македонски.

---

[25] Подетално објаснување на стр. 7 (Терминот Македониа неслучајно е напишан без словото „Ј“, поради фактите произлезени од дешифрираните текстови, кои се пронајдени на пет континенти).

Одродените Македонци посакуваат да го предземат словото божјо од Зетот но неуспешно. Вкупното божјо знаење, како слово божјо, Зетот го пренел на својот род Македонци, по словото наречени СЛОВЕНИ. Потоа целото божјо знаење го сокрил во вид на геометриска слика, цртеж на карпа и цртеж во вселената.

Бог Сонце е видлив, неговото слово е тајно. Единствен народ кој го знае словото божјо и секојдневно го прима се Македонците наречени ВЕЛЕНИ со значење фалени и СЛОВЕНИ.

Во народот македонски ќе се појават самопрогласени „Зетовци“ владетели, за остварување на ситни интереси. Ќе се појават и нивни поддржуачи, кои ќе внесат меѓу Македонците, верување во погрешен зет, кој ќе шири само страв од нешто што го нема. Тие се одрекуваат од Бог Сонце ИЛИ, се одрекуваат од сопствениот род ЛАВРОД, се прогласуваат за лажен-самосоздаден „народ“. Нивна единствена цел е уништување се што е македонско и уништување на сопствениот корен. Македонците со одбрани поединци ќе се борат за докажување на единствената вистина. Вистина за постанокот на светот, јазикот, писмото, науката и верата македонска, како корен или основа на сите јазици, писма, и религии во светот.




Шемата е преземена од книгата „Зета Македониа" од Бранко Сотировски на страна 23

## II. 2 ЕВРОПЕЈЦИТЕ СЕ МАКЕДОНЦИ.

Објавено на сајтот Зета Македониа 25.08.2016

Со овој „исказ“ на Исус, христијанството сака да ја понижи оплодувачката моќ на Богот Сонце ИЛИ. Всушност, молњата ќе придизвика силен дожд, а по дождот ќе падне ситната роса во која се наоѓа духот божји Македон.

Ова зло, велиме, нема свое вечно постоење, затоа што Мајката Македониа со своите одбрани поединци, синови божји, злото го сузбива со непресушена добрина. Заедно со добрината пристигната од таткото Сонце ИЛИ пристига и науката, писмото, јазикот, верата и културата, која се шири на пет континенти.

---

[42] Подетално објаснување на стр. 7 (Терминот Македониа неслучајно е напишан без словото „Ј“, поради фактите произлезени од дешифрираните текстови, кои се пронајдени на пет континенти).

## (5) ОД ШТО ТРЕБА НИЕ ДА БИДЕМЕ СПАСЕНИ? По Стариот ЗАВЕТ

Објавено на сајтот Зета Македониа 10.12.2016

Според ранохристијанските записи, само светото писмо ни сведочи за периодот од историјата на човекот од времето кога потекнува Стариот завет. Сите други записи од други народи, ранохристијанството ги прогласува за ПАГАНСКИ, многубожји, митолошки.

Според книгата „Зета Македониа 400.000 г. писменост", во која се обработени натписи оставени од македонскиот народ, пронајдени и датирани од научниците, на пет континенти, ни сведочат за периодот на рајот, кој се простирал низ целата Планета Македониа. Рајот на Планетата Македониа е задржан само во Македониа.

Според мое мислење и мислење на други автори, Стариот завет е пишуван во исто време кога е напишан Новиот завет. Стариот завет е предговор на Новиот завет.

Овие статии имаат за цел читателот да дојде до поинаков поглед кон историјата на светот. Овие истражувања не се доволни за целосната слика за македонската вера, но затоа читателот треба да продолжи со истражувањата, вистината да ја продлабочи до најситни детали. Вистината за христијанската религија е пишувана 2000 г. Низ историјата многумина по нешто додавале и одземале во зависност од материјалните и духовните интереси. Според научниот пристап и напишаните документи, истражувачот Милош Линдро во книгата „Заборавениот Кадмо" ни го презентира сознанието дека Исус е роден во Охрид, а целиот негов пат се случувал во Македониа. Ова сознание е логично и прифатливо, поради фактот, дека центар на светската култура и центар на светот била Македониа.

Според повеќето автори, кои го обработувале Стариот и Новиот завет, постои мислење дека Стариот и Новиот завет се напишани во подолг временски период, почнувајќи од шестиот век и се менувани сѐ до денес.

Наводно нашите „пра" родители се соочиле со спознанието на доброто – рајот и со спознанието на злото, јадејќи забранетото овошје. Единствениот грев бил само тој што ја прекршиле заповетта на својот господар. Последиците од ова искуство од забранетото овошје било фатално, биле избркани од местото на живеење од рајот и тоа од „творецот", оној кој „најмногу ги сакал".

Зад оваа приказна се крие нешто друго, Адам и Ева симболично го претставуваат македонскиот народ.

Македонците се синови божји, го примаат словото божјо, преку единствениот Зет, кои ја развиле науката, јазикот, писмото, верата и обичаите. Тие имаат рамноправно учество во оплодувањето на Мајката Планета Македониа за да се роди рајот. Родениот рај, доброто и богатството, со создадената македонска култура-цивилизација, била трн во око на отпаднатите Македонци од рајот.

Отпаднатите Македонци, како отпад, во ранохристијанскиот период го прават најголемиот грев, во христијанството гревот ќе се нарече САТАНА. Сатаната или ѓаволот не постоел во македонската вера. Македонците живееле среќни на земјината топка, што претставува рај на Мајката Планета Македониа заедно со своите поданици, но тие не биле

робови. Отпадот од рајот Македониа, кои биле Македонци, ќе се групира во посебни племенски заедници, нарекувајќи се секако, но во ниеден случај не смееле да се наречат Македонци. Отпадот-сатаната ќе ја уништи македонската култура со тоа што научните, и материјалните вредности ќе ги опљачкаат, а верата ќе ја пренасочи во погрешен правец. Македонската вера ја насочуваат кон уништување на македонскиот народ и неговото име, тој процес трае 2016 г. Ова зло, оваа инфекција се шири незапирливо преку целата ПЛАНЕТА. Губејќи го чувството за припадност на македонски народ претставува ЗЛО, ГРЕВ, ДУХОВНО МРТВИЛО, ХАОС ВО СВЕТОТ И ВОЈНИ, сето ова предизвикува смрт. Ова зло трае до денес, ова е сатанското ропство.
Покрај овој сатански пат кој води кон смртта, ранохристијанството прави уште еден поголем грев, измислувајќи приказна за спасот на човештвото од уништување, кои сами го предизвикале.

Иронијата е до толку поголема, што апостол Павле вели: „Бог ја пројавува својата волја, а таа е, “од целото човештво никој не сакал да загине и сите да дојдат до спознавањето на вистината“.

Со појавата на градот-држава Рим, во светот ќе се случат големи промени. Рим сака да го постигне успехот на македонската држава, но во тоа нема да успее. Да објасниме накрато, што значи именката РИМ-РОМЕИ. Ромеи се дел од денешните РОМИ или Еѓупци.

Тие се прогласуваат за БОГОВИ. Самосоздадениот Бог (Римјаните), прави сѐ да го уништи духот Македон во секој Македонец, но секој Македонец ќе биде поштеден од смртта ако самиот се откаже од сопственото име и од сопствената македонската вера и БОЖЈАТА ВИСТИНА пристигната од Бог преку единствениот ЗЕТ.

Македонската држава со најстаро име на светот, македонската вера како прва вера и основа ни сите религии во светот, македонскиот јазик како прв јазик на светот и основа на сите јазици во светот, македонското писмо - кирилицата и латиницата е прво писмо во светот од кои произлегле сите писма и цифри во светот, и македонската наука врз која се базираат овие вредности, со право може да кажеме дека Македонците се божји народ. Македонија со македонскиот народ немала никаква потреба од некаква нова, за нив непозната религија. Таа религија, која е измислена врз основа на македонската вера, со извртени факти и имиња ја прогласуваат за спасителка заедно со испратениот МЕСИЈА Исус. Самопрогласеното божество (Римјаните) заедно со Евреите, пишувајќи го „светото писмо“, Стариот и Новиот завет, пласира НОВА ВИСИНА како божја.

Самопрогласеното божество, (Римјаните) има план како македонскиот народ да „го спаси“, и тоа од досегашната вера, која претстсвувала зло, во однос на самопрогласениот Бог и неговиот РОБОВЛАДЕТЕЛСКИ поредок или сатанското ропство, кој трае до денес, кој предизвика војни, духовна и физичка смрт.

Оваа пост-рајска „сатанска“ култура почнала да се развива од Адам и Ева (персонифицираните Македонци) и нивното потомство. Основната карактеристика на тој период е „заповетта“ на Бог, уште од времето на „рајот“, „плодете се, множете се“, тие ја продолжиле и во „отпадната“ состојба да го множат човечкиот род. Наводно децата што се раѓаат од Адам и Ева (македонскиот народ) во себе ја содржале инфекцијата од злото.

Измислениот Мојсеј, (со значење мој посед), всушност, е ПОСЕЈ (со значење поседувач), тој ни посведочува со првата книга, дека потомците на Адам и Ева се тие носители на цивилизацијата која трае до денес. Ги формираат градовите кои ги

опкружуваат со ѕидови, за да се заштитат од природата, бидејќи ја изгубиле хармонијата на живот како што било во рајот.

Ова Мојсејово посведочување не е точно. Рајот на Адам и Ева немал ѕидови, но затоа имал херувими со огнени мечеви да го чуваат рајот. Сите животни отсекогаш се заштитувале од временски непогоди и нивни предатори, исто така и човекот си го заштитувал своето духовно и материјално добро од Македонците-одродници. Градовите ги опкружувале со ѕидови.

Во тој период, потомците на Адам и Ева (Македонците), носители на гревот и злото, поради нивната вера и богатство, наводно почнале да се одделуваат едни од други. Синот на Адам и Ева, КАИН, и неговото потомството, живееле во рамнините.

Овие потомци на КАИН (со значење СЕ КААМ) биле ДОНЦИТЕ, МАДОНЦИТЕ или Македонците. Тоа се умни, работливи луѓе, со богато културно наследство и своја вера. Тие се основачи на светската култура, која трае до денес, како МАКЕДОНСКА ЕРА.

Според Стариот завет, кај потомците на Каин толку многу се развило „злото“, а тоа е науката, македонската култура, и вера. „Бог се налутил и како творец на своите деца решил да направи огромно зло сите тие во рамнината да ги погуби со големиот потоп. Да го погуби оној дел од човештвото, кој живеел во рамнините то ест Македонците“. Со овој чин, Бог со смрт го решава спасот на идното човештво.

Вториот син на Адам и Ева е СИД (на македонски значи „со иднината“ или „рид“). Потомците на Сид живееле во планините. Тоа се планинци, груби одметници од македонскиот народ. Необразовани, наречени ВОЛНАРИ.

Според самосоздадениот Бог, само еден човек се спасил, тоа бил Ное (со значење „но, тој е тој“), а во денешно време се вика Рамбо.

Овој потоп не е потоп на вода врз копно, ова е потоп на умот. Македонците морале да прекинат со своите обичаи, вера и култура и да го прифатат христијанството.

Иронијата на новосоздаденото божество (одродените Македонци и Римјаните-Еѓупците, Ром, ромеи), е таа што пласира теза за Бог, сега како добротворец. Самите државјани на Рим-Римјани, како Македонци, се откажуваат од припадноста на македонскиот народ, како божји деца. Приматот на таа македонска особина, самосоздаденото божество (Римјаните) ја подарува на новосоздаденото племе - Јудејците. Наводно на територијата МЕЃУПОТОЧЈЕ (или Месопотамија) настанува пост-потопното човештво. Тој народ е истиот македонски народ.




Мапа на Зета Македониа Меѓупоточна. Територија населена со Македонци, со градот Ѕедан, каде е пронајден печатот од црвен камен.




Дешифриран македонски текст, кој е дел од композицијата „Жетварско оро“.
Нумерата е отпеана од реномираната македонска уметничка, певица на традиционални македонски песни Сузана Спасовска, музиката е од композиторот Сашо Ливрински - Лаврод.




Зета Македониа Меѓупоточна, (денешна територија на Сирија),
6.000 – 4.000 г. мак. е.п.п. христ.

Во Светото Писмо, одметниците од македонскиот народ, самопрогласените богови - Римјаните заедно со одметниците од македонскиот народ, Јудејците, напишале: „Бог го создаде староеврејскиот народ.“ Не може да постои стар и нов народ, народ си е народ. Тој „стар народ“ се нарекувал со исконското име МАКЕДОНЦИ, денес таканаречени Израелци.

Во Библијата, новоформираното божество (Римјаните) ќе ги изговори следните зборови: „Па, сега ако го слушате гласот мој, го пазите заветот мој, ќе ми бидете народ избран меѓу сите народи, затоа што моја е земјата цела, вие ќе ми бидете царство на свештеници и народ свет.“

Со овој цитат дознаваме дека новосоздаденото божество (Римјаните) (а, всушност, одродените Македонци), одбира македонско племе, лабилно и лојално на Рим за свои потреби. Тоа племе денес се нарекува со терминот Израелци. Тоа племе ќе биде единствено, одбрано од самосоздадениот Бог, да ја шири новата религија - ранохристијанството, со која Македонците ќе ги држи во ропство.

Пласирана е тезата, новото потомство на Ное, за спасение на човештвото да оди преку СИМ (СИН или РИМ), еден од трите сина. Од потомомството на Сим по изминати десет генерации, се раѓа Аврам, роден во УР ХАЛДЕЈСКИ 2166 г. пред појавата на христијанството (датумот на раѓање е измислен од нарачателот на приказната).

Тој е единствениот македонски кодош, кој работел за новоформираното божество (Римјаните). Кај него наводно се одржало сеќавањето на вистинскиот Бог, за разлика од Македонците, како „малоумни“, кои заборавиле на вистинскиот Бог, па почнале да веруваат во повеќе богови. Наводно преку Аврам и неговото потомство, ќе бидат спасени сите народи, со други зборови значи дека целиот македонски народ ќе си го смени името од Македонци во повеќе племенски заедници, Зета Македониа Европа ќе се расцепка во помали држави. Потомството на Аврам ќе го спаси светот.

На овој начин, Римјаните го подготвувале македонскиот народ за пристигање на МЕСИЈАТА. Аврам и Сара ќе го имаат синот на 90 г. ИСАК (со значење син на божјата љубов). Аврам ќе биде синоним за божја вера. Аврам ќе го послуша Бог да го жртвува својот син исто како што правеле околните „многубожји“ народи - Македонците. Во последниот момент, новоформираното божество (Римјаните) ќе го спречи да го направи жртвувањето, затоа што тој не потекнува од „паганскиот македонски народ“, туку потекнува од новоформираниот „божји народ“. Во тој момент, новоформираното божество испраќа овен за жртва. Тоа е симбол дека тој подготвува жртва, а жртвата ке биде „еднородниот“ син божји.

Пред да се формира нов божји народ, единствени божји синови биле Македонците. Новоформираното божество (Римјаните) Македонецот наречен Исус ќе го жртвува за спас на самиот македонски народ, ако ја смени верата во христијанска. Исус на крстот ќе го откупи злото на македонскиот народ, кое произлегува од верувањето во македонска вера.

Сега новоформираното божество (Римјаните) имало план, преку Аврам да формира свој народ, кој ќе ги спроведува неговите желби, за уништување на духот божји Македон кај секој Македонец.

Можеби Аврам е роден во Ур Халдејски. Новоформираното и самопрогласеното божество (Римјаните) ќе го повика во новоформираната „ВЕТЕНА ТЕРИТОРИЈА“ денес наречен Израел. На картата гледаме дека и таа територија Меѓупоточна е населена со Македонци.

Потомците на Аврам се тие Израелци, повикани да формираат посебни племиња кои ќе формираат израелски народ. Египјаните како македонски народ, наводно плашејќи се од овие здружени племенски заедници, го држат во ропство 400 г.

Тоа е така поради тоа што, само Египет не бил окупиран од Рим. Наводно се јавува Мојсеј, кој ќе го спасел еврејскиот народ од ропство со божја - римска помош.

Со оваа измислена приказна, и строгите римски закони кон македонската вера, полека македонскиот народ се воведува во денешната ера на новозаветен период.




Топонимите Меѓупоточје или Месопотанија, како и градот SЕДАН се македонски.

Како што е кажано погоре „ВЕТЕНАТА ТЕРИТОРИЈА“, всушност, е МАКЕДОНИА или македонска провинција.

Според македонската традиција и вера, божјото писмо пристига на врвовите од планините со двојниот поглед помеѓу Бог и Зетот. Таков е случајот и со Мојсеј (именката Мојсеј со значење МОЈ = мој и СЕЈ = сетва, всушност, МОЈСЕЈ во македонската вера се нарекувал ПОСЕЈ = Посејдон, со значење по сетвата на ДОН, низина во пролетта покрај реките и моријњата, ќе пристигне жевтата), десетте заповеди божји ги примил на Синајската гора.

Со овие изпревртени и изкомплицирани приказни од македонската вера, полека новосоздадрното божество (Римјаните), Македонскиот народ го припрема за пристигање на МЕСИЈАТА.

## (6) МЕСИЈАТА - ЕДИНСТВЕНИОТ ИЛИОН, МАКЕДОН, ЗЕТ, ХЕРМЕС, ИС-ИСУС, ДОН, ДИОН, ДИОНИС

Објавено на сајтот Зета Македониа 17.12.2016

Македонскиот род Лаврод, распространет е од Зета Македониа Востанија на Исток (денешна Кина), па сѐ до Зета Македониа Европа на крајниот Запад (денешна Шкотска). Македонскиот род Лаврод е организиран во држави, налик на денешните, со своето писмо, јазик, наука и вера. Ова владеење, според книгата „Зета Македониа 400.000 г. писменост, господарување на родот Лаврод трае непрекинато во продолжеток до денес, во временски период од 16 космички години (или 16 Х 25.776 г. = 412.416 г.). Според најновите истражувања, македонската цивилизација постои најмалку 19 космички години ( 19 Х 25.776 г. = 489.744 г.) Ова е културниот пат на Македонците од родот Лаврод, кога доаѓа до кулминација во времето на таканаречена „античка Македониа“, во периодот на владеење на Филип и Александар Македонски.

Стотина години пред раѓањето на Александар Македонски, се појавуваат во Зета Македониа Европа и Зета Македониа Востаниа ИЗРОДНИЦИ или одродници. Тие го напуштаат македонскиот род, формираат посебни племенски групи со измислени имиња. Тогаш започнува хаосот на овие два континенти.

Александар Македонски ги покорува градовите-држави на југот од Македонскиот Полуостров, населени со Македонци, наречени „Хелени“, а всушност, тие се ВЕЛЕНИ - фалени или Словени и доселеници, како безимени луѓе од семитско арапско потекло.

За Зета Македониа Европа и македонската држава, најголемата закана по безбедноста во тоа време доаѓа од Зета Македониа Меѓупоточна (наречена Месопотамија и Персија). Овие македонски изроди од Блискиот Исток го менуваат јазикот и верата. Формираат посебни племенски групи со цел за уништување на Македонија и Зета Македониа Европа и македонската вера на Вистината во Богот Сонце ИЛИ-ИЛ и верата на реинкарнација. Александар Македонски ќе тргне во поход по патот на Дионис. (Дионис е првиот глобализатор на светот, кој ја раширил македонската култура на пет континенти.)



Месија –Александар Македонски,
единствениот Илион, Македон, Зет, Хермес, ИС-ИСУС, Дон, Дион, Дионис.
(356 маке. ера пред.п.на хрс. - 11. 6. 323 мак.ера пред п. на хр.)

По смртта на Александар Македонски по 33 г., или по повлекувањето во Зета Македониа Ар на МА (денешен Египет) под друго име, ќе настапат граѓанските војни во Македонија, кои траат се до освојувањето на Македониа од страна на градот-држава Рим. Уништувањето на Македонија започна уште во 168 година пред појавата на христијанството, со поразот на Персеј од Луциус Емилиус Паулус. Тогаш, целиот кралски двор заедно со Персеј и цело богатство на македонското царство биле однесени во Рим.

Сега заканата по безбедноста на македонскиот народ доаѓа од самите Македонци од Западот (Зета Македониа Европа), здружени со безимени луѓе од семитско - арапско потекло, од југот на Македонскиот полуостров и Блискиот Исток.

Ова е кус вовед за состојбата на општествено-политичката подготвеност, македонските изроди да го смислат последниот удар над македонскиот народ, традиција и култура, кои живеат на двата континенти. Тоа е промената на македонската вера на Вистината, на Сонцето, пролетта и убавината да ја претворат во религија, која со нејзината симболика и сокриено значење работи на уништување на сопственото име како Македонци, прекрстувајќи се во друго име, сечејќи го коренот за нивно постоење.

З.М.Европа се дели на помали племенски групи со измислени имиња на територии, Македонците-патриоти ги убиваат, со двата најсвети македонски симболи: КРСТОТ и КЛАДАТА. (За крстот прочитај повеќе на страна 42) во книгата „Зета Македониа 400.000 г. писменост “.

Македонскиот народ, поробен од сопствените Македонци – Римјаните заедно со Ромеите-Египците, ќе биде поделен во четири покраини, ограбен, со делумно забранети обичаи, како верски обреди во чест на единствената Мајка Планета Македониа и единствениот Бог Сонце, (сега е сметана за паганизам и многубожие), со ограбени натписи, а останатите уништени, со прекинат културен развој, издробени во прав божји храмови и споменици. Со еден збор, САМОСОЗДАДЕНОТО божество (Римјаните, кои сами себе си се прогласуваат за богови) сметало дека е убиен духот божји Македон во секој Македонец.

„Паганство е гноса, самоспознание, паганските обичаи се гностички ритуали. Преку нив оној кој осознал стекнува сила и самодоверба и може да се спротивстави на злото.

Денешното ново толкување на паганството создава сомневање во сето она што е проследено во официјалните книги. Бидејќи не смеела да се експонира древната македонска вера и знаење, морало сите важни содржини на тоа знаење да се опфатат под еден поим, измислен како паганство. Во Македонија има смели и издржани докази за тоа што е тоа паганство. Така, со дешифрирањето на писмото на каменот од Розета наоѓаме интересно објаснување за тоа кои биле паганите: ‘ГОРНИ ТВОРЦИ’ Аристотел Тентов, Македонците.

Во фалсификуваната древно-македонска историја, Македонците ги прозивале како варвари, така и возвишеното значење на Пагооните како Горни Творци брутално се трансформирало во пагани“.[43]

Македонската вера на ВИСТИНАТА е истата оваа христијанска религија, но со мали измени и забрани, (како канони), покрај другото и забрана за спомнување на македонското име, иако во Библијата македонското име е спомнато 27 пати. Македонската вера е вера во Мајката Планета Македонка и Таткото Сонце ИЛИ. Тоа е вера на реинкарнација или воскреснување, тоа е вера во пролетта, поезијата, песната, љубовта, цвеќињата и убавината, зачеток на живиот свет „ИС“. Вера во науката, уметноста и словото божјо. Вера

---

[43] „Едно поинакво видување на поимот паганство“ Олга Новачева, преземено 25-12-2014 г. http://www.mn.mk/feljton/9650

на македонската цивилизација како историја на светот. Тоа е вера на македонската култура во продолжеток до денес.

Македонецот како син божји Илион и син на Мајката Македониа - Македон, умен, вреден, со божја промисла или СЛОВО божјо, горд на својот род Лаврод, горд на својот божји ген, тој е ГОСПОДИН, ГОСПОДАР, ГОСПОД И ГОСТИН на Планетата Македониа[44]. Длабоко во душата го задржал сопствениот дух божји Македон, длабоко во душата му е задржано името Македониа. Македонецот лесно се прилагодува на новата општествена состојба.

Роден од единствените родители, од Мајката Планета Македониа и Таткото Сонце ИЛИЈА, ќе ги спроведе благородните македонски молитви и практики, со што го обезбедува континуитетот на сопствената вера. Исконските молитви на македонскиот народ од камениот период напишани во вид на лигатури, дешифрирани од споменици на културата, систематизирани по континенти, се наоѓаат во книгата „Зета Македониа“, вкупно 255 молитви, од кои некои се испеани во македонска црковна мелодија ( по грешка наречена „византиска“), а некои во македонски, современ и традиционален ритам и инструменти.

Овие благородни молитви се камен-темелник на христијанството. Тоа се молитви за почитување на луѓето меѓусебе, за почитување на Мајката Планета Македониа, во христијанството наречена Марија, и таткото Сонце ИЛИЈА, почитување на фамилијарната љубов во светото тројство помеѓу Мајката, Таткото и синот Македон. Почитување и љубов кон пролетта, цвеќињата, и убавината.

Македон извршил големо влијание на новата религија. Го воведува својот Бог ИЛИ како Св. Илија и Мајката Македониа како Богородица Марија. Мајката Македониа со кањонот Матка претставува порта на Зета Македониа Европа за влез во пролетта, порта за влез на новородената природа „ИС“ од „УС“ или „ИСУС“ – усните на Планетата Македониа, кањонот Матка.

Христијанството претставува македонска култура, пропагирана на поинаков начин и име.






Лав со натпис, пештера Vogelherd, Зета Мадониа (денес таканаречена Германија)
40.000 г. мак.ера.п.п.х. стр.183, извадок од книгата „Зета Македониа 400.000 г. писменост “.
Лавот симбол на Бог Сонце ИЛИ, симбол на народот Македон од родот на Лаврод.
Натписот укажува на фактот дека Македонците, од денес таканаречена територија Германија, ја молат Македонија за, „Тештот“- Бог Сонце, да востане од Македонија, да може Зета Македониа Европа да влезе во пролетта.Оваа молитва е испеена во песната „Лаврод“.

[44] Подетално објаснување на стр. 7 (Терминот Македониа неслучајно е напишан без словото „Ј“, поради фактите произлезени од дешифрираните текстови, кои се пронајдени на пет континенти).

Еден од првите мисионери е Македонецот Св. Павле. Тој од 51 до 54 г. македонска ера ќе ја обиколи Македониа, ќе ги обиколи сите македонски покраини околу Белото море. Тој ја толкува македонската ВИСТИНСКА вера поинаку, под името христијанство.

Св. Павле неслучајно по налог на Римјаните и Евреите, тргнал од Македониа. Македониа било јадрото на З. М. Европа. Сега Св. Павле преку Македониа, како порта го воведува христијанството во З. М. Европа. Тој работи како мисионер до 61 година македонска ера. Св. Павле по ислужената мисија, кога во својата мисионерска работа ќе почне да ги застапува и македонските интереси, нема да им биде потребен на Евреите и Римјаните, ќе биде погубен во Рим.

Иако самопрогласеното божество (Римјаните), како што е погоре кажано, создале свој вештачки божји народ - Јудејци кои ќе му служат, тој повторно, за остварување на целта, за уништување на македонскиот дух, ќе ја изврти приказната, за пристигнување на божјиот син. Божјиот син го зема од редовите на вистинскиот божји народ - Македонците, како жртва. Тоа значи, Македонците како синови божји од кој еден од нив ќе биде месија, кој се жртвува за спасот на својот македонски народ, (според Римјаните за спас од самите себе) за да се откажат од името, верата и духот божји Македон.

Според Македонците, месијата се жртвува за пролетта и новородената природа, која ќе служи за исхрана. Како што е познато, Македонците не се плашеле од смртта. Тие оделе во смрт со радост, верувајќи дека утредента во мугри ќе пристигнат реинкарнирани, како умножен дух божји Македон, во вид на ситна роса, како составен дел во секоја материја.

## РАЃАЊЕТО НА ИСУС

Целиот „Стар завет“ е напишан за припрема и очекување на месијата.

Цитат по Матеј: „Марија ќе го роди Исус, а тој ќе го спаси народот од нивните гревови“.

Марија е, всушност, Македониа Богородица, спасителка, хранителка и господарка, Марија е македонскиот дом.

Именката ИС-ИСУС во книгата „Зета Македониа 400.000 г. писменост“, низ дешифрираните текстови се среќава 24 пати, низ целата земјина топка, пред појавата на христијанството и тоа најмалку од пред 130.000 г. Според најновите истражувања, името Мадониа-Македониа е со старост од 500.000 г.




Мајка Македониа –Богородица
Маџари, Скопје, Република Македонија.
7.000 г. маке. ера пред по. на хрис.




Мајка Македониа - Богородица со Исус.
Село Конче, Радовиш, Република Македонија.
Манастир Св. Богородица 1371 г.

ИС“ е вкупната новородена природа во пролетта, во која се наоѓа и синот божји Македон. „ИС“ е новороденче, бебе, новороденото сонце, новородената година од денот XXII – XXV-ти декември. Меѓу народот наречен СОНЦЕ-СТОЕЊЕ, прекршување на денот (тоа е најдолгата ноќ и најкусиот ден.). Планетата МАКЕДОНИА[45] со нејзината оска ќе направи наклон кон соѕвездието Крст, кога ноќта се намалува, а денот се зголемува. Се раѓа бебето „ИС“-„ИСУС“, младото сонце и започнува новата година во род.

Оваа мудрост на Планета Македониа после три дена двоумење, во христијанството се симболизира со три мудреци или три дена, кои доаѓаат заедно со ѕвездата, Сонцето од исток. Трите мудреци се движат од исток сѐ до моментот кога Сонцето ќе застане да го покаже местото на новороденчето Исус.

Со оглед на фактот дека местото на престојување на Богот Сонце е во Македонија, со престолот во рудникот Алшар[46], Исус како син божји се раѓа во рајот на Планетата во Македониа на обалата на Охридското езеро, во пештерата до село Канео, или кањонот Матка.

Новородениот „ИС“ од „УС“-„ИСУС“ (пештерата Канео или усните на Мајката Планета, кањонот Матка) е новороденчето „ИС“, кој е идниот Зет, цар, Господар, Господ, и гостин во Македонија и целата планета.

Ова македонско верување, македонските изроди - Јудејците со нивниот владетел Иродот (Ирид-изрид) го бришат, на тој начин што ќе ги погубат сите новородени деца на тој ден. Со овој чин, се укажува на македонскиот народ дека нивното новородено сонце треба да згасне, како што гасне македонскиот род Лаврод.

Јаремот на ропството на македонскиот народ, доведува до тоа да поробувачите Римјани, како македонски изроди, секоја година на ден XXV-ти декември, кога се раѓа новото сонце, од секое семејство погубува прворodено дете старо до две година (ова го претскажува пророкот Јеремија-Јерем, Јарем).

[45] Подетално објаснување на стр. 7 (Терминот Македониа неслучајно е напишан без словото „Ј“, поради фактите произлезени од дешифрираните текстови, кои се пронајдени на пет континенти).
[46] Стр.17 „Зета Македониа“

Според пророкот „Јерем“ или според ЈАРЕМОТ Римјанинот Архелај, Ар-хе-лај, со значење - кучиња што лаат и се смеат правејќи пустош по Планетата Македониа[47], македонскиот рај, Охридско езеро или кањонот Матка.

Јосип (Јос-сип- родената летнина), со Марија и синот Исус ќе заминат преку Ресен и Битола во Назарет, Пазарет или од кањонот Матка до Битпазар во денешно Скопје. Тоа е територијата (Из-раил-от = рајот) на Македониа рајот, таа е територијата Гали-лејска (со значење Бог Сонце те гали-милува, лее со изобилство сончеви зраци).



Клеопатра VII

Последната македонска држава е Зета Македониа АР на МА (Египет) со последната кралица Клеопатра (69 маке. ера пред п. на христ. - 12 август, 30 г. маке. ера пред по. на хрис). Со смртта на последната македонска кралица Клеопатра VII-ма. Римјаните заедно со Јудејците, кога ќе се создадат условите, ќе прогласат дека Исус е роден триесет години по нејзината смрт, а Исус на триесет годишна возраст ќе влезе во еден од Јудејските храмови и ќе почне да ја презентира македонската вера, како словото божјо. Поради ова однесување на „ИСУС“, Јудејците ќе го оптужат кај Римјаните. После три години „Исус“ ќе биде погубен на крст. Исус ќе умре на 33 г. исто како и Александар Македонски.

Со овој чин, по мислењето на Римјаните и Јудејците, започнува Новиот завет, како нова религија, и како нова ЕРА на христијанството. Всушност, христијанската религија е истата таа македонска вера. Овој период на христијанството е период, кој е продолжеток на македонската вера, писмо, наука, и култура, како историја на светот, како македонска ЕРА.

По наглото ширење на христијанството како македонска религија, Јудејците како пандан на православието ќе учествуваат во пишувањето на муслиманството.

(Именката Македонија некогаш е напишана без буквата „Ј“, како МАКЕДОНИА. Тоа е поради фактот дека буквата „Ј“, во именката Македонија додадена е неодамна.)

[47] Подетално објаснување на стр. 7 (Терминот Македониа неслучајно е напишан без словото „Ј“, поради фактите произлезени од дешифрираните текстови, кои се пронајдени на пет континенти).

## II. 4 БАДНИК – „ИДЕ ЗА ДА БИДЕ“

Објавено на сајтот Зета Македониа 29.12. 2016

„Јудео-христијанство, односно тоа е полуискривена вистина, добро наштимана за заведување на простата маса, што би се рекло – перење на мозокот“. - Извадок од „АНАНТИТЕ И АНТЛАНТА – АТЛАНТИДА“.

Уште од времето на камениот историски период, најмалку од пред 500.000 г, за Македонците и македонскиот календар, крајот на старата година се смета од денот XXII-ри декември до XXV-ти декември, кога почнува новата година во род. Во одредени региони на Планетава, новата година на Македонците започнувала и од XXI март.

Во природата се случува еден феномен, кој се вика сонцестоење од три дена. За што станува збор? Мајката Планета Македониа-Богородица го раѓа ИС-бебето Богот. Како се случува тоа? Веднаш да се каже дека Мајката Планета Македониа-Богородица со своето кружно движење околу својата оска, секое утро го раѓа денот или Богот Сонце Илија, меѓу другото затоа се нарекува Богородица.

Во однос на годишните времиња, Мајката Планета Македониа[48]-Богородица со својата оска на движење прави наклон на едната и другата страна, на тој начин ги раѓа четирите годишни периоди.

На XXV-ти декември Мајката Планета Македониа-Богородица, по три дена двоумење, ќе реши со нејзината оска да направи наклон од ѕвездието АЖДЕР кон ѕвездието КРСТ. За крстот прочитај повеќе во книгата „Зета Македониа 400.000 г. писменост“ ст. 42.

Мајката Планета Македониа-Богородица правејќи наклон кон ѕвездието Крст го означува моментот кога, всушност, почнува да се зголемува денот, а да се намалува ноќта. Ова скршнување на оската кај Македонците се нарекува: крст, крешт, воскресе, прекрштвање на денот, блом, лом, лом на дон. Тоа е почетокот на растот на денот, наречен е како: Р’С, Р’СТОТ на денот, Р’СТОС, ХРИСТОС, во христијанството наречен е ИСУС. Поради фактот што денот се зголемува, сега појаките сончеви зраци се нарекуваат КРШТ. Персонификација на сончевиот зрак „КРШТ“, „КРЕСТ“ (во Денешна Хрватска кријесови) е оганот.

Еден ден пред Божиќ, или на 24-ти декември - Бадникова вечер, се ложи оган. Преку ден се сече дабово дрво, денес наречено БАДНИК - ДАБНИК. Според македонските обичаи, Дабникот - Бадникот го сече најстариот член од семејството, (што го персонифицира старото сонце ТЕШТОТ или КРЕШТОТ), во придружба со најмладиот член на семејството (што го персонифицира младото сонце наречено ЗЕТ).

---

[48] Подетално објаснување на стр. 7 (Терминот Македониа неслучајно е напишан без словото „Ј“, поради фактите произлезени од дешифрираните текстови, кои се пронајдени на пет континенти).

Светото дрво Дабникот - Бадникот претставува посредник за поврзување на долниот и горниот свет, ја поврзува смртта со повторно раѓање - воскреснување. Дрвото даб е симбол на цврстина, издржливост и вечност.

Особината на секое запалено дрво е да ослободува топлина и светлост, а покрај тие особини има и уште една појава, а таа е при допир да фрла искри. Кај запаленото дабово дрво, при спотнување-превртување, се ослободува голема количина на искри. Тие искри се клучен фактор при обредната церемонија за воскреснувањето.

Искрите поинаку се нарекуваат КРЕШТ, КРЕСТ, кај Македонците на територија наречена Хрватска се нарекува КРИЈЕСОВИ.

Именката БАДНИК значи ИДЕ ЗА ДА БИДЕ. Што значи тоа?

Традицијата на македонската вера (писменост и култура), во времето е со старост од 500.000 г. Во камениот период на македонскиот народ, многу ретко се среќаваат гробови. Поради тој факт, денес „научниците“ мислат дека во тој период немало луѓе, или биле во мал број. Проблемот се наоѓа во Дабникот – Бадникот. Всушност, упокоените Македонци не ги погребувале, туку ги спалувале на клада. На тој начин телото како и душата се прочистува, а духот божји Македон се качува на пламените јазици и отпловува на сонцето по пат на КРЕСКАЊЕ или фрлање искри од дабовото дрво кое гори, (денес се вика огномет). Таа клада на која гори упокоениот, и на тој начин се качува ГОРЕ кон сонцето, се нарекува ПАГООН (со значење горе по оган. Оттука произлегува подоцна вулгаризираниот термин ПАГАН). Утредента духот Македон повторно ќе кресне со новиот ден, новиот живот.

Зборот Бадник е збор со две лица. Зборот БАД ја претставува старата година, а по XXV-ти декември ќе биде ДАБ или новата година во род. БАД е предвесник на смртта, а ДАБ е раѓање на нов живот. Ова е дел од македонската вера на вистината, вера на воскресението или реинкарнација. Поради големата почит кон дабовото дрво и неговото крескање, како симбол на воскресението, Македонците изработувале златни круни од дабови лисја.





Оваа традиција е прекината со доаѓањето на Римјаните во Македониа и воведувањето на христијанството.

Подоцна, христијанската црква го презела овој празник и симболично го поврзала со Христовото раѓање. Ја измислува традицијата со бадниково гранче.

Што претставуваат бадниковите гранчиња? Бадниково гранче е свето дрво кај Македонците, името му е даб.

Во христијанството ова дрво ќе го прогласат за забрането дрво. Кој ќе го вкуси плодот од дабот, „Богот Римјанин“ ќе го прогони од рајот, всушност животот ќе му биде пекол, како роб на римската галија.

Овој обичај христијанските отци во согласност со апаратот на владеење врз Македонскиот народ, како робови, не можело да го искорени, па исто како и други практики го прифатило, сега како дабови лисја кои служеле за подгревање на новородениот Исус.

Македонската монотеистичка вера ВИСТИНСКА е вера на реинкарнација на денот, Сонцето, пролетта, цвеќињата и убавината. Македонците на празнични денови се кителе со цвеќиња. На ден XXV-ти декември се раѓа, реинкарнира младото сонце, наречено ЗЕТ. Персонификација на младото сонце е одбраниот, младиот Македонец Зет. Тој на XXV-ти се закитувал со круна од жолти дабови лисја, симбол на сонцето. Новиот единствен ЗЕТ ќе има моќ да го пренесе словото божјо. Низ македонската историја тој се нарекува Енох, Зет, Хермес, Асклепиј, Александар, Св. Никола, Исус.

Дабникот – бадникот како божја круна, како сончев зрак, како сонце, се чува во секој дом една година. Тој носи среќа, мир и има исцелителна моќ.

За да се уништи коренот на македонската кралска круна, христијанството пропагира утредента да се запали оган со дабово гранче или бадникот.

Всушност, огнот на Бадниковата вечер се потпалува со ланскиот Дабник-Бадник. Ланскиот Зет, тогаш младото сонце на крајот од годината, како најдолга ноќ ќе биде/стане ТЕШТ или КРЕШТ. Сега круната на Тештот се пали. Овој обичај го имаме документирано со натпис од Осинчани близу до Скопје.




Илина Гора, Горно светилиште, Осинчани, близу до Скопје, Македонија[49], 7.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.христ.

„Со македонското писмо ЦУТНО и македонскиот јазик на СОНЦЕТО, напишано е: „КРЕШТ СЕ СИ У Л'Т С'Л С ИЉУ“ со значење „КРЕСКАЈ СЕ СИ ВО ЛЕТ САМО СО СОНЦЕТО“. Илина Гора, Горно светилиште, Осинчани, близу до Скопје, Република Македонија.

Натписот претставува споменик на културата на македонскиот народ и е сведоштво за погребните церемонијални обреди, за патот на телото, исто како и душата кон Сонцето. Со помош на огнот како симбол на Сонцето и пламените јазици како симбол на сончевите зраци, душите пловат кон Сонцето на прочистување, а преку зраците со помош на божјата

[49] Цртеж од Бранко Сотировски, дешифрирано од Васил Иљов. http://www.makedonijaese.com/storia1.htm

моља се пренесуваат во центарот на спиралата, каде се умножуваат – воскреснуваат, наречено „КРЕШТ“ во рајот како дух божји Македон. Духот божји Македон, вселен во ВСЕЛЕНАТА со помош на божјата моља SE и еленот, како симбол на сончевиот зрак, со помош на „asил‘к“ (поглед низ виножитото), пристигнува во Македониа - рајот токму како сончев зрак, музика со македонски ритам, вселенска прашина, роса, орос или оплод.

Зборот „КРЕШТ“ значи и „ВОСКРЕСЕ“. Господарот – Господ Македонец ставен на клада отпловува кон Сонцето, но со цел повторно да воскресне. Овој натпис ни укажува на ритуал за воскреснување, повторно раѓање и реинкарнација.“ - Извадок од книгата „Зета Македониа 400.000 г. писменост “. Ст. 98.

## II.5 ЕВРОПА БИЛА, Е И ЌЕ БИДЕ МАКЕДОНСКА

Објавено на сајтот Зета Македониа 21.01.2017

Таканаречената Европа, а според сознанијата кои се изложени во книгата „Зета Македониа“, името на оваа македонска територија е ЗЕТА МАКЕДОНИА ЕВРОПА. Таа е населена со народ македонски, според писмените докази и сознанијата изложени во книгата „Зета Македониа 500.000 г. писменост“, како најнови истражувања, македонската цивилизација постои најмалку 19 космички години ( 19 X 25.776 г. = 489.744 г.) Овој кус временски период на културен развој на Македонците во Зета Македониа Европа, непрекинато свети од културниот центар на Македонскиот Полуостров Македониа.

Ова сознание ќе го поткрепиме со артефакти и нивна анализа, тргнувајќи од самиот југ на Македонскиот Полуостров.

Македонските територии, населени со Македонци и тоа од Пелагонија - Пелазгите, од Биотија и Атика, Антите со својата македонска Богородица Антика. Венетите, Феникијците и другите Македонци, наречени според териториите каде цутела македонската цивилизација со својот јазик, наука и монотеистичката вера ВИСТИНСКА. Вера во Мајката Македониа Богородица, Бог Татко ИЛИЈА и синовите Господари, како Господ Македон. Тоа е вера на спалување на упокоените за повторно раѓање, воскреснување или реинкарнација, како птицата Феникс. Новиот феникс е потомок на стариот што изгорел. Зборот „феникс“ со значење обновување, воскреснување, реинкарнација, пир или пиреј се карактеристики на македонскиот народ ФЕНИКИЈЦИ, денес прекрстени во Европјани.

На југот од Македонскиот Полуостров, Македонците ќе се нарекуваат Хелени, според македонскиот збор ЕЛЕН, што претставува персонификација на Сонцето. Тоа биле

Македонци, деца на Сонцето. Именката Хелен, всушност, се чита како ВЕЛЕН или фален. Тие биле умни, фалени или славени.

